# ЗАГРЕБ со посета на ЉУБЉАНА

**1 Ден 06.12 Петок СКОПЈЕ–ЗАГРЕБ**

Состанок со групата на паркингот пред поранешен хотел Бристол во 19.30 часот, тргнување во 20:00 часот и поаѓање за Загреб. Ноќно возење преку Србија.

**2 Ден 07.12 Сабота ЗАГРЕБ**

Пристигнување во Загреб во претпладневните часови. Разглед на градот: Плоштадот Бан Јелачич, Уметничкиот Павиљон, Мимара, Хрватскиот народен театар, Загребската Катедрала, Владата, Камената порта, Хрватското народно собрание, познатата слаткарница Ивица и Марица... Во попладневните часови сместување во хотел. Слободно време за уживање во убавините на градот Загреб и празничната магија.

Празничната атмосфера е спектакл кој го трансформира главниот град во зимска земја на чудата. Повеќе од 25 поединечни Божиќни базари се распространети низ главните плоштади и шеталишта во градот, секој со своја уникатна тема, а сепак се спојуваат за да дадат чувството на еден сеопфатен базар. Шармантните тезги нудат божиќни подароци, сувенири, традиционални ракотворби, разновидни пецива, ароматично греено вино. Блескавите светла, шарените орнаменти и сезонските украси ја надополнуваат програмата со забавни и културни изведби на отворено. Ноќевање.

**3 Ден 08.12 Недела ЗАГРЕБ-ЉУБЉАНА–ЗАГРЕБ**

Појадок. Поаѓање за Љубљана. Разгледување на градот: Симболот на градот - Змејскиот Мост, Трите мостови на реката Љубљаница, Прешерновиот споменик во чест на најголемиот словеначки поет Франц Прешерн, Фрањевачката Црква или Црквата на Воведувањето на Пресвета Богородица која е уште еден симбол на градот, Робовата Фонтана или Фонтаната на трите реки-најпозната фонтана од бел мермер... Враќање во Загреб. Вечерта, повторно уживање во празничната магија на градот. Можност да си купите "licitar" - црвено медено срце кое датира од XIII век, а со тек на времето прераснало во симбол на Хрватска, денес се користи повеќе како божиќен украс отколку како колаче за јадење. Ноќевање.

**4 Ден 09.12 Понеделник ЗАГРЕБ–СКОПЈЕ**

Појадок. Слободно време за индивидуални активности. Посета на шопинг центар "Arena Centar". Попладне, поаѓање кон Македонија. Пристигнување наредниот ден во раните утрински часови.

## За уплата до 10.11: 209 € / 12.960 мкд

## ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: 229 € / 14.200 мкд

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО:**

-Автобуски превоз на релација Скопје-Загреб-Скопје
-Сместување во хотел Aristos 3* во Загреб на база 2 ноќевања со појадок
-Организиран разглед на Загреб со локален водич
-Посета на Christmas market
-Посета на шопинг центар "Arena Centar"
-Организација на аранжманот и придружник на патувањето

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО:**

-Посета на Љубљана 50 €
-Патничко – здравствено осигурување
-Туристичка такса 400 мкд по лице за целиот престој (се плаќа во Агенција)
-Доплата за еднокреветна соба 5500 мкд
-Доплата за избор на седиште во автобус 10 €
-Дете до 3 години гратис (без легло)
-Дете од 3-7 години (без легло, со седипте во автобус) 6140 ден за две ноќевања

**НАПОМЕНИ:**

За реализација на аранжманот потребен е минимум од 45 патници.
Пријавување за факултативните излети при резервација (за реализација е потребно минимум 30 патници).
Плаќањето се врши исклучиво во денарска противредност 1 € = 62 денари.
Пасошот треба да важи минимум 3 месеци од завршувањето на патувањето.
Организаторт го задржува правото на промена на редоследот на реализација на програмата.

За овој аранжман важат Општите услови за патување на Т.А Терра Травел Скај.